Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр 202/24), Одлука за мерки за поддршка на деца со посебни потреби и нивните семејства и Правилник за доделување на парична помош за рехабилитациски третмани на деца со попреченост донесени од Советот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр. 9/26 од 12.06.2026“), Општина Битола објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК

### за доделување на парична помош за рехабилитациски третмани на деца со попреченост

Општина Битола, согласно Правилникот за доделување на парична помош за рехабилитациски третмани на деца со попреченост, објавува Јавен повик за доделување еднократна финансиска поддршка за рехабилитациски третмани на деца со попреченост на возраст од 3 до 7 години.

Целта на јавниот повик е:

**Обезбедување финансиска поддршка за рехабилитациски, дефектолошки, логопедски, сензорни, психолошки и други стручни третмани за деца со попреченост, со цел унапредување на нивниот психофизички развој и социјална инклузија.**

Право на користење на парична помош има дете со попреченост кое ги исполнува следните услови:

- да е на возраст од 3 до 7 години;
- да има извршена МКФ проценка;
- да има живеалиште на подрачјето на Општина Битола;
- родителите или старателите да немаат вкупни месечни примања повисоки од 70.000 денари;
- да користи или да има потреба од рехабилитациски третмани препорачани од стручно лице.

Паричната помош се доделува како еднократна финансиска поддршка во износ од **15.000 денари по дете**.

Средствата се обезбедуваат за Средствата ќе се доделуваат до исцрпување на средствата предвидени во Буџетот на Општина Битола за оваа намена, согласно расположливите средства предвидени во Буџетот на Општина Битола.

Средствата може да се користат за:
- логопедски третмани;
- дефектолошки третмани;
- сензорна интеграција;
- психолошка поддршка;

- физиотерапија;
- окупациона терапија;
- ABA третмани;
- други рехабилитациски услуги и третмани препорачани од стручно лице.

Третманите можат да се реализираат во јавни и приватни установи, лиценцирани центри за рехабилитација или кај овластени стручни лица, во Општина Битола или надвор од општината доколку услугата не е достапна во Битола.

Заинтересираните родители/старатели треба да достават:

1. Барање за доделување парична помош;
2. Копија од извод од матична книга на родени за детето;
3. Потврда за живеалиште;
4. МКФ проценка;
5. Потврда или препорака од стручно лице за потреба од третмани;
6. Доказ за вкупни месечни примања на родителите/старателите;
7. Изјава за точност на доставените податоци и согласност за обработка на лични податоци;
8. Копија од трансакциска сметка.

Обрасците за Барање и Изјава се составен дел од овој Јавен повик.

Барањата со потребната документација се доставуваат:

**Во зградата на Општинскиот инспекторат на Општина Битола , канцеларија бр.10** или **по пошта на адреса:** Бул. „1 Мај" бр. 61 7000 Битола со назнака:

**„За Јавен повик за доделување на парична помош за рехабилитациски третмани на деца со попреченост"**

Јавниот повик трае **15 работни дена од денот на неговото објавување на веб-страницата на Општина Битола заклучно со 21.09.2026.**

Пристигнатите барања ќе ги разгледа Комисија за финанси и буџет при Советот на на Општина Битола.

Доколку бројот на пристигнати барања е поголем од бројот на предвидени корисници, Комисијата ќе изврши рангирање согласно следните критериуми:

- висина на приходите;
- број на деца во семејството;
- самохран родител;
- степен на функционални ограничувања;
- користење третмани надвор од местото на живеење;

- семејства со повеќе деца со попреченост;
- други социјални и здравствени околности.

Корисниците се должни средствата да ги користат исклучиво за намената за која се доделени и по нивното искористување, во рок од 15 дена, да доставaт соодветна документација за реализираните рехабилитациски третмани:

- фискална/и сметка/и или фактура/и
- потврда за извршен/и третман/и
- извештај од стручно лице за реализирани рехабилитациони третмани
- договор или друг соодветен документ од кој јасно ќе се констатира дека средствата се искористени за рехабилитациски третмани.

Дополнителни информации или прашања може да се поставуваат на е-маил: simonajoveska132@gmail.com и моб: 071385682.

Бр.09 –147/1

31.08.2026 год.

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
IV
ОПШТИНА БИТОЛА